Natasha Todorovska, PHd[1]

UDC: 343.143.01

# DËSHMITARI SI PROVË NË PROCEDURËN PENALE

# СВЕДОКОТ КАКО ДОКАЗНО СРЕДСТВО ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

# THE WITNESS AS A EVIDENCE IN CRIMINAL PROCEEDINGS

**Abstract**

Witness as evidence is one of the oldest ways of proving. The power and effectiveness in preventing crime and achieving the special and general prevention, on the one hand, and proving the truth through equitable and effective procedure, on the other hand, since its inception criminal justice systems are undermined by its fundamental weakness that it represents most often evidence that is subject to various threats and risks. Special attention should be paid to safety which guarantees the witness that the testimony will not affect the safety of his life and health and the life and health of his family. It seems that in this direction, despite the positive and negative characteristics of all systems that exist to achieve that goal, the witness is often the only source of information. The summoning of the witness to court and the performance of his duty to testify and to be within the framework of a fair and safe procedure, they achieve the maximum the request for first of all efficient, and then contradictory procedure and create an opportunity to all the previously mentioned positive characteristics of the witness are realized as evidence.

***Key words**: Witness, evidence, information, procedure.*

[1] Assistant professor at Faculty of law and political science, American university of Europe Fon.

## Вовед

Националните и светските податоци укажуваат на тоа дека криминалитетот се зголемува во сите земји, и тоа како во оние земји што се наоѓаат во градење нови демократски односи или, пак, од неодамна се демократски, така и во оние каде што демократските процеси не се ни започнати. Криминалитетот денес покажува значителен пораст во неразвиените земји или стагнација во организираните држави со ефикасно и правно востановени функционални служби и институции. Оваа негативна општествена појава, покрај државата, ги погодува и општествените и приватните интереси на граѓаните. Криминалитетот денес се карактеризира со обем, висок степен на организираност, како на внатрешен така и на меѓународен план, зголемување на рецидивизмот, професионалност и специјализација, злоупотреба на техничките достигнувања и на новите облици на криминал, тајност и разновидност во организацијата и во дејствувањето, интернационализација, огромни финансиски средства, а со тоа и повеќе независни финансиски системи, ослабена ефикасност на органите на прогонот и друго. Со ова се придонесува и за зголемување на материјалните трошоци неопходни за сузбивање на криминалитетот.

## 1. Поим за сведок

Сведок е **секое физичко лице** кое е повикано во од страна на надлежниот орган и **е должно да се јави на поканата и да ги искаже своите сетилни сознанија за сите факти што се предмет на докажувањето и што се важни за казненото дело и за извршителот**. Сведоците **му помагаат** на службеното лице во постапката **да ги утврди фактите од минатото** за кои тие знаат или лично ги забележале. Тоа се лица кои се **принципиелно незаинтересирани за исходот од постапката** и му помагаат на службеното лице да се запознае со фактите што се случиле. Поради тоа странката во една постапка не може истовремено да биде и сведок, затоа што таа е заинтересирана за исходот на постапката.

Како единствен услов едно лице да биде повикано како сведок **е веројатноста дека ќе даде определени податоци за важни околности** во казнената постапка. Според законот **како сведоци се повикуваат лица за кои е веројатно дека ќе можат да дадат**

**известување за кривичното дело и сторителот и за други важни околности**. Оштетениот и приватниот тужител можат да се испитаат како сведоци. Секое лице кое се повикува како сведок е должно да се јави на поканата, а ако со овој закон поинаку не е определено е должно и да сведочи.[2]

**Лица кои не можат да бидат сведоци се:** лице кое со својот исказ **би ја повредило должноста на чување државна или воена тајна**, додека надлежниот орган не го ослободи од таа должност; **бранител на обвинетиот** за она што му го доверил обвинетиот како на свој бранител, освен ако самиот обвинет го бара тоа; лице кое со својот исказ **би ја повредило должноста за чување деловна тајна во однос на тоа што го дознало во вршењето на своето занимање** (верски исповедник, адвокат и лекар), освен ако е ослободено од таа должност со посебен пропис или со писмено, односно со дадена изјава на записник на лицето во чија корист е востановено чувањето тајна, односно со таква изјава на неговиот правен наследник; **малолетно лице** кое со оглед на својата возраст и душевна развиеност не е способно да го сфати значењето на своето право дека не мора да сведочи освен ако самиот обвинет го бара тоа; лицето кое **поради својата душевна или телесна болест**, односно својата возраст воопшто **не е во состојба да сведочи**.

Лица **ослободени од должноста да сведочат** се: **брачниот и вонбрачниот другар** на обвинетиот; **роднините** на обвинетиот **по крв во права линија, роднините во странична линија заклучно до трет степен, како и роднините по сватовство заклучно до вториот степен посвоеник и посвоител** на обвинетиот.

Органот што ја води постапката е должен лицата споменати **пред нивното испитување** или веднаш штом ќе дознае за нивниот однос спрема обвинетиот, **да ги предупреди дека не мораат да сведочат**. Предупредувањето и одговорот се внесуваат во записникот. Лице кое има основа да ускрати сведочење спрема еден од обвинетите е ослободено од должноста да сведочи и спрема другите обвинети, ако неговиот исказ според природата на работите **не може да се ограничи само на другите обвинети**.

Законот предвидува **последици за направени повреди на правилата на испитување на сведокот.** Ако како сведок е пови-

---

[2] Бужаровска, Калајџиев, Мисоски, Димоски, Казнено процесно право, 2015, стр.136-146.

кано лице кое не може да биде сведок или лице кое не мора да сведочи, а за тоа не е предупредено или изречно не се откажало од тоа право или ако предупредувањето и откажувањето не е забележано во записникот, или ако е испитан малолетник кој не може да го сфати значењето на правото дека не мора да сведочи, или ако исказот на сведокот е изнуден со сила, со закана или со друго слично забрането средство, **врз таквиот исказ на сведокот не може да се заснова судската одлука**.

**Сведокот има право да не одговара на одредени прашања** ако е веројатно **дека со тоа би се изложил себеси или својот близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење**.

Законот забранува **поставување прашања на оштетениот и на сведокот** кои **се однесуваат на нивниот сексуален живот и сексуалните склоности, политичкото и идеолошкото определување, расното, национално и етничко потекло, моралните критериуми и други особено лични и семејни околности**, освен **по исклучок**, ако одговорите на таквите прашања **се непосредно и очигледно поврзани со потребните разјаснувања на битните обележја на кривичното дело** кое е предмет на постапката.

## 2. Видови сведоци

Во теоријата постојат повеќе поделби според повеќе критериуми. Ќе се задржиме на неколку од нив. Според фактот кој ги предлага сведоците се делат на: сведоци на обвинение и сведоци на одбрана. Според начинот на кој сведоците дошле до сознание се делат на: сведоци по слушање и сведоци-очевидци.

Во криминалистичките теории постојат посебни типологии на сведоци, според различни критериуми-однесување на сведоците за време на давањето на исказот, со оглед на односот кон обвинетиот, според карактерните својства, според звањето, со оглед на специфичноста на обвинетиот и сведокот и др.

Криминалистиката познава повеќе видови на сведоци: зборлести сведоци, молчеливи сведоци, опширни сведоци, плашливи сведоци, срамежливи сведоци, тврдоглави сведоци, рамнодушни сведоци, површни и индиферентни сведоци, несмасни сведоци, дескриптивни сведоци, бавни сведоци, сведоци со предубедување, лажни сведоци, заинтересирани сведоци, незаинтересирани

сведоци, внимателни сведоци, нервозни сведоци, непријателски настроени сведоци, интелигентни сведоци, необразовани интелигентни сведоци. Според начинот на кој што сведоците дознале за кривичниот настан, тие се класифицираат на: а) непосредни сведоци (сведоци очевидци). Ваквите сведоци присуствувале на местото на одвивањето на кривичниот настан и имале можност сами, со свои сетила, да го забележат и доживеат. Непосредните сведоци се најчести доказни средства во кривичната постапка; б) посредни сведоци (сведоци по слушање). Станува збор за сведоци што сами не го спознале кривичниот настан, туку за него индиректно дознале преку други лица. Посредното сведочење е најнесигурно сведочење и тоа нема доказна вредност.

Но посебен интерес се покажува кон неколку категории сведоци и тоа: жени, децата, малолетници и стари луѓе.

**Жената како сведок**, во предвид треба да се имаат својствата кои се карактеристични за неа и кои како такви се значајни се текот на постапката. Жената **се карактеризира со нагласена чувствителност, субјективност, таа е брз и остроумен набљудувач, секогаш е мотивирана од чувствата** и друго. Понекогаш **страстите кои се значајни за нејзиното реагирање можат да ја наведат кон лажни обвинувања** кон лицата кои ги мрази. Но знаењето на овие карактеристики не е поради некој посебен систем на сослушување кај жените туку овие сознанија правилно и тактички да се спроведат при сослушувањето.

Исказите на **децата и малолетниците** се земаат како несигурен но сепак не постојат причини поради кои овој исказ може во целост да биде отфрлен. Имено, треба да се земе во предвид нивната возраст, не прават целосна разлика меѓу вистината и лагата, меѓу фантазијата и нестварноста и др. Децата со извонредна вештина може да ги забележат поединечностите на околината возрасните таквите поединости не ги забележуваат воопшто.[3]

**Старите луѓе** исто така имаат свои карактеристики, кои се важни кога се јавуваат во својство на сведок. Процесот на стареење обично е проследен со психофизички промени, кои по својот карактер и обем се индивидуални. Повеќето од старите се грижат за сопствените интереси, **стануваат егоцентрични и се помалку се заинтересирани за околината** и за оние работи за кои не се

[3] Види: Тодоровска, Н. Казнено процесно право, (2020), 159-165.

директно засегнати. Староста произведува и **недостатоци на сетилата**, **се сугестибилни се и лесно паѓаат под влијание на другите**. Значи сослушуањето треба да е пократко и да се води сметка за заморот кој често се јавува кај старите луѓе, со други зборови самото сослушување и постапка да се приспособат кон нивната личност и добиените искази да се споредат со целиот доказен материјал.

Законот за казнена постапка предвидува доколку постои веројатност дека со давањето исказ или со одговор на определено прашање, **сведокот, соработникот на правдата или жртвата,** односно **оштетениот би се изложил себеси или нему блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет**, загрозениот сведок **може да го ускрати давањето исказ или изнесувањето на податоците** додека не се обезбедат услови за негова заштита. Заштитата на загрозениот сведок **се состои во посебен начин на испитување и учество во постапката уредени** со ЗКП и **со примена на мерки за заштита вон постапката уредени со посебен закон.**[4] Ако јавниот обвинител оцени дека стравувањето од опасност е основано ќе го прекине испитувањето и ќе преземе итни дејствија согласно со одредбите **за заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите** уредени со ЗКП. Ако во текот на постапката загрозениот сведок изјави дека не сака посебен начин на учество и на испитување, тој ќе се испита според општите правила за испитување на сведоци. Претходниот исказ кој е даден според правилата за посебен начин на испитување на загрозен сведок може да се користи во текот на испитувањето, а потоа ќе се издвои од списите и ќе му се предаде на судијата на претходната постапка на чување во запечатен плик. Ако оцени дека барањето за заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите **е неосновано**, јавниот обвинител постапува согласно одредбите за испитување на сведок.[5]

**Повикување на загрозен сведок** во претходна постапка или на главна расправа **се врши преку Одделението за заштита на сведоци** при Министерството за внатрешни работи.

**Заштита на загрозен сведок во претходна постапка се преземе в**еднаш штом ќе дознае за веројатноста за постоењето на околности дека сведокот, соработникот на правдата или жртвата,

---

[4] Чл. 12 од Закон за заштита на сведоци.

[5] Тодоровска, Казненоправен статус на заштитените сведоци во борбата со тешките форми на криминалитет, 2017, стр.159.

оштетениот се изложени тие или ним блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет, **јавниот обвинител ќе преземе мерки за заштита на загрозениот сведок**. Јавниот обвинител со тоа ќе го запознае загрозениот сведок. Јавниот обвинител **со решение ќе го определи псевдонимот на загрозениот сведок**, како **и посебниот начин на учество во постапката** и на испитувањето. На испитувањето на загрозениот сведок во претходната постапка **не присуствуваат обвинетиот и неговиот бранителот, ниту оштетениот и неговиот законски застапник**. Податоците за загрозениот сведок јавниот обвинител **ќе ги запечати во посебен коверт** и тоа ќе го забележи во списот, **користејќи го псевдонимот на загрозениот сведок**. Запечатениот коверт со податоците за загрозениот сведок **може да ги побара и да ги отвори само второстепениот суд кога одлучува по жалба**. На ковертот ќе се забележи дека е отворен и ќе се наведат имињата на членовите на советот кои ќе се запознаат со неговата содржина. Откако членовите на советот ќе се запознаат со неговата содржина, ковертот повторно ќе се запечати и ќе му се врати на јавниот обвинител. На загрозениот сведок **не смее да му се поставуваат прашања со кои на директен или индиректен начин би го открил својот идентитет, местото на живеење, вработеноста и членовите на семејството**. Лицата кои во кое било својство ќе ги дознаат податоците за загрозениот сведок **се должни да ги чуваат како класифицирана информација**.

**Заштита на загрозен сведок на главна расправа** се спроведува по **писмено образложениот предлог** за посебниот начин на испитување на загрозениот сведок од јавниот обвинител кој **во запечатен коверт му го поднесува на судијата**, односно советот за оцена на обвинителниот акт при поднесување на обвинителниот акт. Судот одлучува за предлогот на јавниот обвинител **со решение** кое е должен да го донесе најдоцна во рок од 48 часа од приемот на предлогот. Ако судот **го прифати** предлогот на јавниот обвинител, **ќе го определи со решение псевдонимот на загрозениот сведок**, ако дотогаш не бил определен, како и посебниот начин на учество во постапката и на испитувањето. Против решението на судот не е дозволена жалба. Посебниот начин на испитување може да се состои од прикривање на идентитетот, а во определени случаи и изгледот на загрозениот сведок (членови 229 и 230 од ЗКП).

**Испитување на сведок под псевдоним** се состои во посебниот начин на испитување на сведокот и се однесува само **на прикривање на личните податоци, испитувањето ќе се спроведе под псевдоним без наведување на другите податоци**. Во другиот дел испитувањето ќе се спроведе според општите одредби за испитување сведок. По завршеното испитување загрозениот сведок **го потпишува записникот со псевдонимот**. Лицата кои во кое било својство ќе ги дознаат податоците за загрозениот сведок се должни да ги чуваат како класифицирана информација.

**Испитување на загрозен сведок со помош на технички уреди за пренос на слика и тон** ќе се изврши во случаи кога со посебниот начин на неговото учество во постапката и испитувањето покрај прикривање на податоците се врши и со **прикривање на изгледот** на загрозениот сведок. при што **ликот** на загрозениот сведок **и неговиот глас се изменети**. Загрозениот сведок во текот на испитувањето **може да се наоѓа во посебна просторија, која физички е одвоена од просторијата во која се наоѓаат судијата и другите учесници во постапката**.

**Права на одбраната при испитување на загрозени сведоци на главната расправа** во постапката со оваа категорија на сведоци се реализира со **посветување на посебно внимание на правото на обвинетиот и на неговиот бранител** и давањето **соодветна и доволна можност да ги оспоруваат и да ги проверуваат нивните искази**. **Пресудата не може да се темели само врз основа на исказот на загрозениот сведок** прибавен со примена на одредбите за прикривање на неговиот идентитет или изгледот заради негова заштита и заштита на неговите блиски лица.[6]

**Испитување на посебно ранливи жртви и сведоци** органот што ја води постапката откако ќе утврди дека **со оглед на возраста, здравствената состојба, природата или последиците** од кривичното дело, односно поради други околности на случајот **се посебно ранливи, малолетно лице жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба** и дека испитувањето во просториите на органот што ја води постапката би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје **ќе се испитаат на начин пропишан** за оваа категорија. Кога органот што ја води постапката ќе оцени дека тоа е потребно заради помош на

[6] Матовски, Бужаровска, Калајџиев, Казнено процесно право, 2011 стр. 206.

оштетениот или сведокот **ќе му постави полномошник за време на испитувањето**. Прашањата на оштетениот и сведокот **можат да се поставуваат само преку органот што ја води постапката**, кој спрема таквото лице треба да **се однесува со посебно внимание** за да се избегнат штетните последици на кривичната постапка врз неговата личност, телесното и душевното здравје. Испитувањето на оштетениот и сведокот (ранливи жртви) **може да се врши со помош на психолог, социјален работник или друго стручно лице**, а органот што ја води постапката **може да одлучи лицето да се испита со употреба на технички средства за пренос на слика и звук, без присуство на странките и другите учесници во постапката** во просторијата во која се наоѓа оштетениот или сведокот, така што странките, бранителот и лицата кои имаат право да му поставуваат прашања, тоа го прават со посредство на органот што ја води постапката, психолог, педагог, социјален работник или друго стручно лице. При испитувањето на оштетениот или сведокот (ранливи жртви), судот може да ја исклучи јавноста. Оштетениот или сведокот (ранливи жртви) **не смеат да се соочуваат со обвинетиот**, а со другите сведоци само по нивно барање.

Сведочењето претставува **многу важна казнено-процесна дејност** во кое е опфатена делотворноста на сведокот, активноста на органите на судската постапка, која се основа во откривање на лица како сведоци, обезбедување на неговото присуство, неговото сослушување и на крај **утврдување на вредноста на сведочењето**, фактите содржани во изјавата на сведокот (во однос на постоечки или спорните факти). Бидејќи се работи за постапка која е утврдена со закон, самиот орган е должен да води сметка за законскиот начин и формата на неговото изведување.

Според законските одредби за во кратки црти ќе ја разработиме техниката на земање исказ. Делотворноста на сведокот се одвива и во времето на извршувањето на казненото дело (**способноста да се забележат и запаметат појавите, процесите**), со оглед на правно релевантните и другите факти, така и во времето на самата судската постапка (**способноста да го пренесе, репродуцира она што го забележал**), каде таа делотворност всушност се манифестира. Ова својство на сведокот, едно лице може да го добие доколку настапило како очевидец на казненото дело, или посредно дознало за некои правно релевантни факти. Според тоа, де-

лотворноста на тоа лице првенствено се одвива во тоа време, поради кое доаѓа до **делотворност на тоа лице во судската постапка**, каде добива својство на сведок и кога неговата делотворност **се состои во изјавување на она што претходно било случено**.

### 3. Испитување на сведок

**Повикување на сведок** се врши **со доставување писмена покана** во која ќе се наведе името и презимето и занимањето на повиканиот, времето и местото на доаѓањето, казнениот предмет по кој се повикува, назначување дека се повикува како сведок и предупредување за последиците од неоправданиот изостанок. Повикувањето како сведок на малолетното лице кое **не наполнило 18 години се врши преку неговите родители**, односно преку **законскиот застапник**. Сведоците кои поради старост, болест или тешки телесни мани **не можат да се јават на поканата**, можат да бидат **испитани во својот дом или на друго место** каде што се наоѓаат.

**Начинот на кој се врши испитување на сведок** е важно бидејќи сведоците се најчесто доказно средство и секој има свои особености. Сведоците се испитуваат одделно, одговорите по правило ги дава усно. Сведокот претходно **ќе се опомене дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи**, а потоа ќе се предупреди дека **давањето на лажен исказ претставува кривично дело**. Сведокот ќе се предупреди и дека **не е должен да одговори на прашањата** со кои би се изложил себеси или својот близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење и ова предупредување **ќе се внесе во записник**. Потоа сведокот ќе се праша за името и презимето, името на таткото, занимањето, престојувалиштето, односно живеалиштето, местото на раѓање, годините на возраста и за неговиот однос со обвинетиот и оштетениот. Исто така ќе се предупреди сведокот дека е должен органот што ја води постапката **да го извести за промената на адресата** или на престојувалиштето, односно живеалиштето. При испитување на сведок не е дозволено служење со измама ниту поставување на такви прашања во кои е веќе содржано како би требало да се одговори.

**Испитување на сведок преку толкувач и испитување сведок кој е нем или глув** се врши на претходно објаснетиот начин

(толкувач, верно ги пренесува прашањата што се упатуваат до обвинетиот и изјавите што тој ќе ги дава, на глув, писмено ќе му се поставуваат прашања, нем, се повикува писмено да одговара).

**Нејавување на сведокот на покана** кој уредно е повикан не дојде, а не го оправда изостанокот, или без одобрение или оправдана причина ќе се оддалечи од местото каде што треба да биде испитан, **може со судска наредба да се доведе присилно**, а судот може и да го казни со парична казна од 200 до 1.200 евра во денарска противвредност. Ако сведокот дојде и без законска причина **не сака (одбие) да сведочи**, иако е предупреден за последиците, може да се казни со парична казна од 200 до 1.200 евра во денарска противвредност. Ако сведокот и по втората парична казна одбие да сведочи, а постапката се води пред судот, **може да му се изрече казна затвор до 30 дена**. По поднесена жалбата против решението со кое е изречена парична казна секогаш одлучува што не го задржува извршувањето на решението.

На предлог на странките, органот што ја води постапката **може да одлучи испитувањето на сведокот да се снима со визуелно-тонски средства**.

Активноста на органите на казнената постапка не завршува со самото сослушување на сведокот, туку тие **треба да дадат оцена** (мислење) **во врска со изјавата на сведокот**, кое е резултат на тоа сослушување. Оценaта на изјавата на сведокот во суштина е **утврдување на вредноста на фактите содржани во изјавата на сведокот во однос на спорните факти**. Судот ја утврдува вредноста на содржината на изјавата **по свое слободно уверување**, и врз основа на содржината на другите доказни средства. Пред судот да ја даде својата оцена, прво мора да утврди дали изјавата на сведокот е вистинска, бидејќи само таа содржина на исказот може да се оцени, да се утврдува нејзината вредност. Притоа, треба да води сметка за специфичноста на ова доказно средство, имајќи во предвид дека **свеста е субјективен израз на објективната стварност** почитувајќи ги психичките и физичките својства на сведокот.

Најважно е **да се утврди дали сведокот ја зборува вистината** или **дал лажен исказ**. Затоа секогаш треба да се тргнува од евентуалната заинтересираност на сведокот конкретниот казненоправен спор, да го насочи во определена насока, за што од значење е неговиот однос со обвинетиот или оштетениот. Со право се смета дека досега, повеќе внимание е посветено на сведоци кои намерно

дале невистинита изјава, а помалку на сведоци кои биле добронамерни, но објективно нивното сознание било невистинито. Во последно време со овој проблем, **изјавите на добронамерните сведоци** и нивната способност се занимава експерименталната психологија.

При оцената на исказот **треба да се земат во предвид надворешните манифестации и физичките промени** (страв, збунетост, трема и сл.) како лични својства на сведокот и врз основа на тоа да се направи разлика меѓу она што го забележал сведокот со сопствените сетила и она што е негово мислење за определен факт.

## Conclusion

The analysis of the situation in R. N. Macedonia shows that for the affirmation of the witness as a means of evidence, in addition to the legislative, it is necessary to increase the institutional capacity in order to guarantee the basic rights of the witness. Given the fact that in the Macedonian criminal legislation there is no definition of the term "witness", but only which persons can be called as witnesses, it is necessary in the general provisions of the Law on Criminal Procedure to provide a definition of the term "witness". In accordance with the definition of the witness according to Recommendation REC (97) 13, The witness is proposed to be defined in Article 21 paragraph 1 item 6 as "any person possessing information relevant to the criminal proceedings". Such a legal solution, on the one hand, will contribute to distinguishing above all the obligation of the witness to appear in court, and, on the other hand, to define the ability to testify.

**Рецензенти:**
**Проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска**
**Проф. д-р Стефан Буџакоски**

## Користена литература

– Ангелески, М. (2007). Криминалистичка тактика-II. Куманово: Графос

– Бужаровска, Калајџиев, Мисоски, Димоски, Казнено процесно право(2015). Правен факултет Јустинијан Први

–Билали, А. (2008). Заштитениот сведок во кривичната постапка. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“

–Матовски, Бужаровска, Калајџиев. (2011) Казнено процесно право: Правен факултет Јустинијан Први

–Тодоровска, Н. (2020) Казнено процесно право:Институт за правна едукација Прогресио

–Тодоровска, Н. (2017)  Казненоправен статус на заштитените сведоци во борбата со тешките форми на криминалитет: Правен факултет Јустинијан Први

–Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 150 2010. Закон за заштита на сведоци, Службен весник на Република Македонија, број 38 2005. Закон за дополнување на Законот за заштита на сведоци, Службен весник на Република Македонија број 58 2005.